Врз основа член 46 став (2) од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" бр.92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15, 192/15, 30/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 18/20 и 74/25), министерот за економија и труд, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТИ И ПОЛАГАЊЕ НА СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува висината на трошоците за издавање на дозвола за вршење на стручни работи и полагање на стручен испит за безбедност при работа.

Член 2

(1) Висината на трошоците кои треба да ги плати правното или физичкото лице за добивање на дозвола за вршење на стручните работи за безбедност при работа изнесува:

| Ред. број | Стручни работи за безбедност при работа | висина во (во денари) |
|---|---|---|
| 1 | Процена на ризикот | 18.000 денари |
| 2 | Редовно работа тестирање и контрола на опремата за | 18.000 денари |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Концепт за изјавата за безбедност | 18.000 денари |
| 4 | Изработка и спроведување на програми за обука на работата | 18.000 денари |
| 5 | Периодични мерења на хемиските, физичките и биолошки штетности и на микроклиматските услови во работната средина | |
| 5.1 | Периодични мерења на хемиските штетности | 9.000 денари |
| 5.2 | Периодични мерења на физичките штетности | 9.000 денари |
| 5.3 | Периодични мерења на биолошките штетности | 9.000 денари |

(2) Трошоците од став 1 на овој член се плаќаат при поднесување на пријавата од страна на правното или физичкото лице за добивање на дозвола за стручни работи за безбедност при работа.

Член 3

За вршењето на увидот од страна на Комисијата за утврдување на условите за вработените, организацијата, техничките и другите услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручни работи за безбедност при работа, подносителот на барањето уплатува сума во износ од 5.000 денари.

Член 4

Висината на трошоците за полагање на стручниот испит за безбедност при работа изнесува:

1. За стручен испит кој се полагаа прв пат – 6.000 денари.

2. За стручен испит кој се полага втор пат – 4.000 денари.

3. Ако кандидатот полага по трет пат се наплатува износ утврден во точка 1 став (1) од овој член.

(2) Ако кандидатот повторно го полага посебниот дел од стручниот испит, висината на повторното полагање изнесува 70% од износот утврден во став (1) точка 1 од на овој член.

Член 5

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Бр. 12-2421/1
05-05-2025 година
Скопје

**Министер,**
**Бесар Дурмиши**